ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **30.11.2020 година** во 09:00 часот во Голема Сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**,Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска ,**Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се дефинира правилникот за исплата на надоместоци на пожарникарите заедно со ОЧР и раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој,

-Да се дефинира правилник заедно со урбанизам, комунална инфраструктура и правно оделение за такса на превозници кои ги користат локалните патни правци.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Од страна на раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој на општината Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се закаже состанок во 1.12.2020 (вторник) година во ООУ Јоаким Крчовски со директорите на основно и средно образование во 9 часот за согледување на проблемите со ситуацијата со Ковид 19, проблемот со превоз на учениците и околу повикот за проекти.

-Да се исконтактира со образовните институции околу бројот на новогодишни пакетчиња

-Да се исконактира со Црвен крст околу одбележување на Денот на Црвен крст и активностите кои ќе бидат преземени.

- Да се дефинира правилникот за исплата на надоместоци на пожарникарите заедно со ОЧР и Секретарот.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната за поднесување на квартален извештај и подготовка на буџет за следната година.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде налог на Дине Трејд за санација-тампонирање на ул.Баглачка,

-Да се даде налог за тековно одржување на калдрмите ул.Лозановска, локалитет Партизан-Љиљаков мост и покрај стената кај кадиска чешма,

- Да се дефинира проектот и ПАД документот за грантот од Министерство за финансии,

-Да се повика фирмата за поставување на одбојна ограда и да се даде налог за локалитети од Осичка маала до стадион и кон манастирот Св.Јоаким Осоговски,

-Присуство на состанок во СИПР во среда,

-Состанок со комисијата за проджба на градежно земјиште во текот на неделата за локалитетот Калин Камен,

-Да се достави брање за продолжувањена рокот за реализација за патот во с.Конопница,

-Да се даде налог за скипот на ЈП Комуналец за ископ на пропусти во С.Узем на барање од граѓани,

-Да се укаже на проектантите кои во иднина ќе проектираат за Општина Крива Паланка проектите да се работат на лице место, а не од канцеларија.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на раководителот на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се подготви развојна програма од обласста на животна средина за наредна седница на совет,

-Присуство на состанок во СИПР во среда

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се дефинира правилникот за исплата на надоместоци на пожарникарите со секретарот и раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој,

-Да се изготват нови решенија на пожарникарите согласно новиот правилник со важност од 01.01.2021 година.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се напарави нарачка на промотивен новогодишен матријал.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на раководителот на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се напарават опомени за крупен добиток и да се исконтактира по писмен пат Инспекцискиот совет.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се заврши новогодишното украсување во текот на оваа недела,
- Да се однесе материјал-песок на повисоките места како што се с.Кркља, с.Нерав, с.Огут, с.Трново, Калин Камен заради почеток на зимската сезона,

-Да се отпочне со тековно одржување на калдрмите на ул.Лозановска, локалитет Партизан-Љиљаков мост и покрај стената кај Кадиска Чешма.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се организира според протокол изложабта во сабота со почеток од 18 часот.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Работното време од вторник 01.12.2020 година ќе се организира преку еден ден, да се види со техничкиот персонал за работа,

-Да се закаже состанок за продажба на градежно земјиште во следните денови,

-Да се достави информација до ОЧР за работните задачи на вработените и планирани обуки на секој вработен до 15.12.2020 година.

**30.11.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**